# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

**Број 05/23**

**Излегува по потреба 13.03.2023 год. понеделник бр. 04 година XXVII**
**ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија**
**E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2022 година

1. Се прогласува, Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2022 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 06.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.08-258/1 Општина Новаци
09.03.2023г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија,, бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Новаци (’’Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 7/19), Советот на Општина Новаци, на седницата што ја одржа на ден 06.03.2023г. донесе:

ОДЛУКА
за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2022 година

Член 1
Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2022 година.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-240/4 Совет на Општина Новаци
06.03.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковск

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола

1.Се прогласува, Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци, за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 06.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.08-258/2 Општина Новаци
09.03.2023г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/2002), член 8-б став 1 и став 2 точка а, член 30 став 5 и член 39 од Законот за јавните претпријатија (,,Сл. весник на РМ,, бр. 138/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Сл. весник на РСМ,, бр. 275/19 и 89/22), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци" бр. 7/19) и Барањето од ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци бр.03-46/2 од 28.02.2023г. (наш бр.03-13/22 од 01.03.2023г.), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 06.03.2023 година донесе:

ОДЛУКА
За субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се субвенционира ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци со средства во износ од 1 200 000.00 денари, а за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола, врз основа на Договор за користење на краткорочен револвинг денарски кредит (партија бр.04-420-0301317.3) заверен во Стопанска Банка АД Битола со бр.08-1409/2 од 01.02.2022г. и во ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци со бр. 03-11/4 од 01.02.2022г. (Овај Договор е склучен врз основа на Договор за рамковен лимит за одобрување на сите видови на изложености (партија бр.0445000797547)

Член 2

Седствата од 1 200 000.00 денари, Општина Новаци ги субвенционира на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци, исклучиво за отплата на кредитот по Договорот во член 1 од оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-240/5 Совет на Општина Новаци
06.03.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлуката за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.
бр. 14-202/7 од 28.02.2023 година

1. Се прогласува, Одлуката за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 06.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.08-258/3 Општина Новаци
09.03.2023г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 7/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 06.03.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.
бр. 14-202/7 од 28.02.2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се поништи Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 година, и да не произведува никакви правни дејства од денот на незиното донесување.

Член 2

Советот на Општина Новаци ја поништи Одлуката од член 1, бидејќи требаше да се донеси Одлука за давање на Согласност на Годишен план за вработување, а не на измена и дополнување на Годишниот план за вработување. Советот при донесувањето на Одлуката се водеше по точка 6 од Дневниот ред во Решението за свикување на 24 та седница на Совет, бр.14-202/1 од 21.02.2023г. во кое беше направена техничка грешка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-240/6 Совет на Општина Новаци
06.03.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 година

1. Се прогласува, Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 06.03.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.08-258/4 Општина Новаци
09.03.2023г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 20 а и 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/2019 и 14/2020), 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002) и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 06.03.2023 година донесе:

ОДЛУКА
за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год., бр. 01-06/3 од 30.01.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Бр.14-240/7 Совет на Општина Новаци
06.03.2023г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

**<u>С О Д Р Ж И Н А :</u>**


1. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2022 година;
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола;
3. Заклучок за прогласување на Одлуката за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 година;
4. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 година.



Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010
Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939